| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Отштетно право** | | | |
| 2. | **Код** | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Граѓанско материјално и граѓанско процесно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | IV (четврта)/<br>V (петта) | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска<br>д-р Ненад Гавриловиќ<br>д-р Неда Здравева | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |

**10. Цели на предметната програма (компетенции):**

Целта на предметот е да ги оспособи студентите самостојно да можат да ги согледаат односите помеѓу штетникот и оштетениот и да го разберат значењето на надоместот на штетата и постојниот развој правилата на отштетното право.
Главни задачи на наставната програма се:

- Да ги поттикне студентите критички да ја анализираат примената на правилата за надомест на штета
- Да развие кај студентите практичен пристап во изнаоѓањето решенија за уредување на практични случаи на облигациони односи што настануваат со причинување штета
- Да придонесе студентите да го разберат влијанието на развојот на економијата во развојот на отштетното право

Се очекува дека по совладувањето на наставната програма студентите да можат:

- Да го анализираат европското и домашното право во областа на отштетното право
- Да ја разбираат примената на правилата за одговорност и надомест на штета
- Да демонстрираат вештини на решавање конкретни случаи причинување штета и нејзин надомест

**11. Содржина на предметната програма:**

Од секој од нас се бара определено однесување со кое ќе се заштитата правата и интересите на другите во општеството. Но не секој од нас, во сите ситуации, успева да го одржи тој стандард. Истовремено сите ние користиме ствари со кои се создава зголемена опасност за околината или пак ползуваме од такви дејности. Кога од нечие однесување или од некоја ствар или дејност ќе настане штета последиците директно ги чувствува оној чиј имот или права биле погодени. Но, правото налага оној што одговара за таа штета истата да ја надомести. Правилата со кои ова е уредено го сочинуваат отштетното право. Во рамките на предметната програма по отштетно право продлабочено ќе се обработат прашањата за страните на облигационите односи што настануваат со причинување штета и нивните права и обврски кои произлегуваат од тие односи. Детално ќе бидат анализирани видовите одговорности и случаи на одговорност за штета. Внимание ќе се обрне на модалитетите во надоместувањето на штетата и нивната економска заднина. При тоа, ќе се разгледува како ова е уредено во домашното законодавство но и новите светски и особено европски трендови во оваа област. Во рамките на програмата ќе се истражуваат практичните аспекти на облигационите односи со причинување штета.
Материјата е поделена во повеќе тематски целини, и тоа:

1. Вовед во отштетно право и извори на отштетно право
2. Одговорност и видови правна одговорност
3. Настанување на облигационите односи со причинување на штета

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. Субјективна одговорност за штета<br>5. Објективна одговорност за штета<br>6. Одговорност за друг<br>7. Посебни случаи на одговорност за штета<br>8. Договорна одговорност<br>9. Надоместување на материјална штета<br>10. Надоместување на нематеријална штета<br>11. Осигурување од одговорност<br>12. Европско отштетно право | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | интерактивни предавања, практична работа на задачи на час, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, излагања на практичари од областа на потрошувачкото право, правна клиника. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 3,5+0+1,2+0+5,3 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 поени |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 поени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. | Облигационо право, трето издание | Просветно дело, Скопје, | 2012 |
| | | 2. | | Закон за облигационите односи | | |
| | | 3. | | Закон за задолжително осигурување во сообраќајот | | |
| | | 4. | | Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Bussani M. (ed.) | European Tort Law – Eastern and Western Perspective, | Bruylant, Brussels | 2007 |
| | | 2. | Burrows A. | Remedies for Torts and Breach of Contract, Third Edition | Oxford University Press | 2004 |
| | | 3. | | Закон за адвокатурата;<br>Закон за судовите;<br>Закон за нотаријатот;<br>Закон за извршување;<br>Закон за здравствената заштита;<br>Закон за заштита на правата на пациентите;<br>Закон за стечај | | |